Врз основа на член 23 став (1) точка 2 алинеја 1 од Статутот на Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија бр.01-391/2 од 26 август 2011 година и бр.01-374/6 од 19 март 2019 година и член 45а од Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 65/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 219/19, 19/22 и 197/22) Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 31 август 2023 година, донесе

# ОДЛУКА
# ЗА КОРЕКЦИЈА НА ПРОГНОЗИРАНИТЕ КОЛИЧИНИ НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА НА МЕРНО МЕСТО ЗА ПРЕТСТОЈНАТА ГРЕЈНА СЕЗОНА ЗА АВАНСНИТЕ ПРЕСМЕТКИ

1. Се ОДОБРУВА Друштвото за снабдување со топлинска енергија ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје да го примени член 45а од Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија.

2. Одобрувањето од точка 1 од оваа одлука е со цел во авансните фактури за топлинска енергија во грејната сезона 2023/2024 да се изврши корекција на прогнозираните количини на топлинска енергија на мерно место којашто ќе обезбеди износите на новите авансни фактури за топлинска енергија во претстојната грејна сезона да бидат исти со соодветните авансни фактури за топлинска енергија во изминатата грејна сезона.

3. Оваа одлука се доставува до Друштвото за снабдување со топлинска енергија ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“, и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на член 45а од Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија снабдувачот со топлинска енергија може да изврши корекција на прогнозираните количини на топлинска енергија на мерно место за претстојната грејна сезона за авансните пресметки, по претходно одобрение, односно задолжение од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика).

Друштвото за снабдување со топлинска енергија ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје на 25 август до Регулаторната комисија за енергетика поднесе барање за примена на членот 45а од Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија и да изврши корекција на прогнозираните количини на топлинска енергија. Во образложението се надведува специфичната и исклучителна состојба во која што и покрај тоа што Регулаторната комисија за енергетика ја има продолжено примената на претходните одлуки за цени на топлинска енергија, без да врши промена на истите, новите фактури за топлинска енергија на потрошувачите ќе бидат со зголемен износ од причина што во истите не е вклучена финансиската поддршка од страна на Владата на Република Северна Македонија, која што беше применета во претходниот период.

Регулаторната комисија за енергетика согласно Решение за свикување на подготвителна седница бр.02-1835/1 од 25 август 2023 година, одржа подготвителна седница на 29 август на која што оваа одлука беше предмет на расправа.

На подготвителната седница беа поканети членовите на Регулаторната комисија за енергетика, претставници од ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје, ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје, ЕСМ ПРОДАЖБА ДООЕЛ Скопје, АД ЕСМ – Скопје, ТЕ-ТО АД Скопје, Кабинетот на Заменик Претседателот на Влада на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, Министерство за економија, Министерство за финансии, Комисијата за заштита на конкуренција, Стопанска комора на Северна Македонија, Сојуз на стопански комори на Македонија, Организација на потрошувачи на Македонија, како и претставник од Советот за заштита на потрошувачите на РСМ.

Регулаторната комисија за енергетика на 31 август 2023 година одржа седница на којашто врз основа на член 45а од Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија и согласно на горенаведеното ја донесе оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Бр. 11-1830/2**
**31 август 2023 година**
**Скопје**

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**